**ПРЕДЛОГ**

**ЗАПИСНИК**

**од 21-та седница на Собранието на ИОРРМ**

На ден 03.07.2017 година во просториите на Економскиот факултет – Скопје, со почеток во 13.00 часот, се одржа 21-та седница на Собранието Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) на кое присуствуваа членовите на ИОРРМ.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на ИОРРМ, Борислав Атанасовски. Пред да се пристапи кон усвојување на доставениот предлог дневен ред, престедателот констатираше дека на седницата присуствуваат 75 членови на ИОРРМ. Бидејќи првобитно закажаната 21-ва седница што требаше да се одржи на 22.06.2017 година, не се одржа заради неостварен потребен кворум за работа, при што на седницата беше регистрирано присуство на 10 членови на ИОРРМ, претседателот констатираше дека согласно член 22 од Статутот на ИОРРМ, на оваа седница ќе се одлучува само по точките од првобитно предложениот предлог дневен ред без оглед на бројот на присутните.

По однос на доставениот предлог дневен ред претседателот ги информираше присутните дека во определениот рок при првобитното закажување на 21-та седница на Собранието на ИОРРМ, не се доставени предлози за изменување и дополнување на предлог дневниот ред.

Присутните членови гласаа за дневниот ред на 21-та седница на Собранието на ИОРРМ, при што дневниот ред беше едногласно усвоен, односно на седницата се работеше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на членови на Работна група за спроведување на избор на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.
2. Избор на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.
3. Усвојување на записникот од 20-та седница на Собранието на ИОРРМ.
4. Усвојување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година:

   а. Извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година и Годишна сметка на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година.

   б. Извештај на Надзорниот одбор за годишната сметка и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година.

5. Потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги.
6. Усвојување на Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ.
7. Усвојување на резултатите од изборот на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.

На 21-та седница на Собранието на ИОРРМ се водеа следните дискусии по точките од дневниот ред:

**1. Избор на членови на Работна група за спроведување на избор на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.**

По првата точка од дневниот ред, претседателот ги предложи Бранка Стојановска, Марјонка Николовска и Моника Јордановска, вработени во ИОРРМ, за членови на Работната група.

Потоа, претседателот ги покани присутните членови да достават свои предлози за членови на Работната група. Присутните ги предложија Ѓоко Ѓорѓиев, Никола Тодосовски и Владимир Иветиќ. Врз основа на дадените предлози, предлогот за членови на Работната група е следниот:

- Бранка Стојановска, член и претседател на Работната група
- Марјонка Николовска, член на Работната група
- Моника Јордановска, член на Работната група
- Ѓоко Ѓорѓиев, член на Работната група
- Никола Тодосовски, член на Работната група
- Владимир Иветиќ, член на Работната група

Предлогот за членови на Работната група беше едногласно усвоен.

**2. Избор на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.**

Претседателот ги информираше присутните дека гласачките ливчиња беа изготвени така што го вклучува предлогот на Управниот однор за членови на комисиите и органите на ИОРРМ, и уредно доставените дополнителни предлози за членови на пооделните тела на ИОРРМ, поддржани од страна на пет члена на ИОРРМ. Беа поделени гласачките ливчиња (9 гласачки ливчиња, односно по едно за секоја комисија (7), едно за Управен одбор и едно за Надзорен одбор).

Потоа, присутните членови пристапија кон тајно гласање со пополнување на гласачките ливчиња кои се ставаа во соодветна гласачка кутија на која стои назнака за кое тело на ИОРРМ се однесуваат.

Откако заврши гласањето, претседателот предложи седницата на Собранието да продолжи со работа по преостанатите точки од дневниот ред, додека Работната група во посебна просторија ги пребројува резултатите од гласањето.

3. **Усвојување на Записникот од 20-та седница на Собранието на ИОРРМ.**

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка. Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Записникот од 20-та седница на Собранието на ИОРРМ беше едногласно усвоен.

4. **Усвојување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година:**

**а. Извештај на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година и Годишна сметка на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година.**

**б. Извештај на Надзорниот одбор за годишната сметка и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година.**

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Одлуката за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2016 година беше едногласно усвоена.

5. **Потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги.**

Претседателот отвори дискусија по предложениот материјал за оваа точка. Претседателот ги информираше присутните дека се работи за назначување на член на комисија согласно член 24 и член 25 од Статутот на ИОРРМ. Се работи за назначување на овластениот ревизор Симе Јовановски за член на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги на местотото на Јовица Стојчевски, со важност до истекот на првобитниот мандат, односно јуни 2017 година.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Одлуката за потврдување на Одлуката за именување на член на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги беше едногласно усвоена.

6. **Усвојување на Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ.**

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Правилник за начинот и постапката за

утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ беше едногласно усвоен.

*Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ се доставува до Советот за унапредување и надзор на ревизија на Република Македонија за добивање согласност.*

7. **Усвојување на резултатите од изборот на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.**

   Работната група за спроведување на изборот во истата просторија ги преброја резултатите од гласањето. Бранка Стојановска, претседател на Работната група за спроведување на изборот, ги соопшти резултатите од гласањето, кои што се детално наведени во Извештајот на работната група за спроведување на изборот на членови на органите и комисиите на ИОРРМ (кој е даден во прилог на овој Записник).

   Престедателот им честиташе на избраните членови на на ИОРРМ.

Откако беа исцрпени сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори 21 - та седница на Собранието на ИОРРМ.

**Подготвил,**

**Борислав Атанасовски**
**Претседател на ИОРРМ**

**Татјана Тодоровска**
**Скопје, 05.07.2017 година**

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0201-222/05
04.07. 2017 год.
СКОПЈЕ

**Извештај на работната група за спроведување на избор на членови на органите и комисиите на Институтот**

На 21-та седница на Собранието на ИОРРМ, која се одржа на 03.07.2017 година, присутните членови, согласно Статутот на Институтот, избираа членови на органи и комисии за членовите со истечен мандат. Се избираа членови на:

- Управен одбор
- Надзорен одбор
- Комисија за стандарди за ревизија
- Комисија за сметководствени стандарди
- Комисија за етика
- Комисија за образование, обука и публикации
- Комисија за спроведување на испитот за за стекнување звање ревизор
- Комисија за регистрација на овластени ревизори
- Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги

На седницата на Собранието се избра работна група за спроведување на изборот на членови на телата на Институтот, и тоа во состав:

1. Марјонка Николовска
2. Бранка Стојановска
3. Моника Јордановска
4. Владимир Иветиќ
5. Ѓоко Ѓорѓиев
6. Никола Тодосовски

По извршеното тајно гласање за членови на Управен одбор, Надзорен одбор и Комисиите во рамките на Институтот, работната група ги презеде гласачките кутии за да ги изброи гласовите.

За секоја гласачка кутија работната група го определи вкупниот број на гласачки ливчиња, број на неважечки и број на важечки ливчиња и изврши броење на гласовите согласно важечките гласачки ливчиња.

**Работната група ги констатира следните резултати:**

**Гласачко ливче бр. 1 – за избор на 4 (четири) члена на Управен одбор:**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *75* |
| *Важечки* | *75* |
| *Неважечки* | *0* |

***Резултати:***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Димитров Драган | 65 гласа |
| 2. | Јорданов Стојан | 63 гласа |
| 3. | Несторов Крсто | 72 гласа |
| 4. | Соколовски Владимир | 71 глас |
| 5. | Чучук Ѓорѓи | 29 гласа |

Согласно резултатите од гласањето за членови беа избрани: Димитров Драган, Јорданов Стојан, Несторов Крсто и Соколовски Владимир.

**Гласачко ливче бр. 2 – за избор на 2 (два) члена на Надзорен одбор:**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *75* |
| *Важечки* | *75* |
| *Неважечки* | *0* |

***Резултати:***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Андонов Маријан | 54 гласа |
| 2. | Калин Дарко | 45 гласа |
| 3. | Хаџивасилева-Марковска Верица | 51 глас |

Согласно резултатите од гласањето за членови беа избрани: Андонов Маријан и Хаџивасилева-Марковска Верица

**Гласачко ливче бр. 3 – за избор на 2 (два) члена на Комисија за стандарди за ревизија:**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *75* |
| *Важечки* | *74* |
| *Неважечки* | *1* |

***Резултати:***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Богдановски Иван | 47 гласа |
| 2. | Перчинковски Алексеј | 31 глас |
| 3. | Петрески Бојан | 42 гласа |
| 4. | Радевска Александра | 28 гласа |

Согласно резултатите од гласањето за членови беа избрани: Богдановски Иван и Петрески Бојан.

**Гласачко ливче бр. 4 – за избор на 4 (четири) члена на <u>Комисија за сметководствени стандарди:</u>**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *75* |
| *Важечки* | *71* |
| *Неважечки* | *4* |

***<u>Резултати:</u>***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Боцевска Линин Наташа | 71 глас |
| 2. | Делимитова Дијана | 71 глас |
| 3. | Јовановиќ Миа | 71 глас |
| 4. | Митевски Игор | 71 глас |

Согласно резултатите од гласањето за членови беа избрани: Боцевска Линин Наташа, Делимитова Дијана, Јовановиќ Миа и Митевски Игор.

**Гласачко ливче бр. 5 – за избор на 5 (пет) члена на <u>Дисциплинска комисија:</u>**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *75* |
| *Важечки* | *74* |
| *Неважечки* | *1* |

***<u>Резултати:</u>***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Андоновски Димитар | 54 гласа |
| 2. | Китаноска Костадинка | 58 гласа |
| 3. | Кочовски Звонко | 56 гласа |
| 4. | Миловановиќ Радмила | 57 гласа |
| 5. | Пауновска Петроска Весна | 53 гласа |
| 6. | Поповска Билјана | 55 гласа |
| 7. | Ристова Александра | 37 гласа |

Согласно резултатите од гласањето за членови беа избрани: Андоновски Димитар, Китаноска Костадинка, Кочовски Звонко, Миловановиќ Радмила и Поповска Билјана.

**Гласачко ливче бр. 6 – за избор на 4 (четири) члена на Комисија за образование, обука и публикации:**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *75* |
| *Важечки* | *75* |
| *Неважечки* | *0* |

***Резултати:***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Бошковска-Богдановска Сашка | 61 глас |
| 2. | Јоанидис Љубица | 58 гласа |
| 3. | Куновска Кристина | 63 гласа |
| 4. | Пековиќ Славица | 70 гласа |
| 5. | Ристески Пецко | 48 гласа |

Согласно резултатите од гласањето за членови беа избрани: Бошковска-Богдановска Сашка, Јоанидис Љубица, Куновска Кристина и Пековиќ Славица.

**Гласачко ливче бр. 7 – за избор на 2 (два) члена на Комисија за спроведување на испитот за стекнување звањ ревизор:**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *75* |
| *Важечки* | *75* |
| *Неважечки* | *0* |

***Резултати:***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Атанасовска Маја | 33 гласа |
| 2. | Ганчева Даница | 46 гласа |
| 3. | Козарева Јованов Даниела | 28 гласа |
| 4. | Костадинова Грозда | 18 гласа |
| 5. | Ончевска Давитковска Валентина | 25 гласа |

Согласно резултатите од гласањето за членови беа избрани: Атанасовска Маја и Ганчева Даница

**Гласачко ливче бр. 8 – за избор на 1 (еден) член на Комисија за регистрација на овластени ревизори:**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *75* |
| *Важечки* | *75* |
| *Неважечки* | *0* |

***Резултати:***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Борислав Оречовски | 75 гласа |

Борислав Оречовски е избран за член на Комисија за регистрација на овластени ревизор

**Гласачко ливче бр. 9 – за избор на 3 (три) член на Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги:** ***1(еден) член кој е вработен во друштво за ревизија или кај овластен ревизор-трговец поединец и 2 (два) члена кои не се вработени во друштво за ревизија или кај овластен ревизор - тровец поединец***

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *75* |
| *Важечки* | *73* |
| *Неважечки* | *2* |

***Резултати:***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Јовановски Симе | 23 гласа |
| 2. | Нануш Лидија | 5 гласа |
| 3. | Симовска Даниела | 19 гласа |
| 4. | Ставриќ Сузана | 26 гласа |
| 5. | Дуковска Јегени Јасна | 53 гласа |
| 6. | Трпковска Зорица | 40 гласа |
| 7. | Џидрова Наташа | 53 гласа |

Согласно резултатите од гласањето за членови беа избрани: Ставриќ Сузана, Дуковска Јегени Јасна и Џидрова Наташа.

Скопје, 04.07.2017 година

Од работната група:

Марјонка Николовска

Бранка Стојановска

Моника Јордановска

Владимир Иветиќ

Ѓоко Ѓорѓиев

Никола Тодосовски